РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 03.03.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| | 13-202/3 | | |

**До**

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Главен државен ревизор**
**М-р Тања Таневска**

Архивски знак: ____
Рок на чување: ____
____ 20 __ год.
Потпис.
____

**Предмет: Доставување на коментари и друга документација по Нацрт извештај бр.13-202/2 од 29.01.2015 година**

Почитувани,

Дописов е во врска со доставениот Нацрт извештај за извршената ревизија на успешност извршена во Агенцијата за електронски комуникации во четврти квартал 2014 година, заведен под ваш број 13-202/2 од 29.01.2015 година и наш број 0201-317/1 од 02.02.2015 година.
Пред се сакаме да Ви се заблагодариме за тоа што со вашата работа ни укажавте во кои делови треба нашето работење да го подобриме и да бидеме уште поуспешни.
Во врска со препораките дадени во Нацрт извештајот, веднаш пристапивме со нивно спроведување, така што изготвивме Стратегија за управување со ризици, ИТ стратегија за развој, назначивме лице за координатор за ризици и лице за неправилности. За препораките кои се однесуваат на постапките на извршување и контрола во процесот на плаќање, како и во врска со пописот на средствата и изворите на средства ќе бидат дадени коментари кои се во прилог на овој допис.

За дополнителни информации Ви стоиме на располагање.

Со почит,

Прилог:

- ✓ Стратегија за управување со ризици бр.0201-10/10 од 20.02.2015 година.
- ✓ ИТ стратегија бр.1202-861/1 од 27.02.2015 година.


Кеј Димитар Влахов број 21
1000 Скопје
Република Македонија
тел: 02 32 89 200; факс: 02 3224 611
е- пошта: contact@aec.mk

- ✓ Коментари и прилог документи од Раководител на Сектор за финансии и сметководство.

- ✓ Акт за назначување лице за неправилности.
- ✓ Акт за назначуване лице- координатор за ризици.

Раководител на Служба за внатрешна ревизија
Гордана Каракирова

.............................................

Раководител на Сектор за финансии и сметководство
Владимир Велкоски

.............................................

Советник за работи од областа на телекомуникациите
Горан Колевски

.............................................

Советник за работи од областа на правото
Лилјана Денковска:

.............................................

Наш број 0201-317/3
Скопје, 02.03.2015

Директор

Роберт Орданоски

.............................................

www.aek.mk
Кеј Димитар Влахов број 21
1000 Скопје
Република Македонија
тел: 02 32 89 200; факс: 02 3224 611
е- пошта: contact@aec.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ
Број 0201-317/2
02.03.2015

**До**
**Државен завод за ревизија**

**Предмет: Доставување на забелешки по Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор од извршената ревизија на успешност на тема Ефикасност и ефективност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија кај Агенцијата за електронски комуникации**

Почитувани,

Во врска со препораките дадени во Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор од извршената ревизија на успешност на тема Ефикасност и ефективност на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија кај Агенцијата за електронски комуникации со архивски број 13-202/2 од 29.02.2015 а во Агенцијата за електронски комуникации заведен со број 0201-317/1 од 02.02.2015 година, Ви ги доставуваме следниве забелешки:

Во врска со делот 2.2.2. Инвентарисување на средствата и обврските се спроведени следниве активности:

- На ден 15.01.2015 со архивски број 0502-142/1, Директорот на Агенцијата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање комисии за попис со назначување на нови членови на пописни комисии кои не се вработени во Секторот за финансии и сметководство. Одлуката е достапна на увид.
- За пописот за 2014 донесени се Детални планови за работа на подготовка и извршување на попис на сите пописни комисии. Деталните планови е составен дел од Извештајот на Централната пописна комисија и се достапни на увид.
- Пред почетокот на пописот 2014, во сметководството на Агенцијата за електронски комуникации извршено е усогласување на книгата на основните сресва (материјалната евиденција) со сметководствената евиденција (главна книга и аналитичка евиденција) и тоа по класи и по конта. По класи е следната евиденција:

Градежни објекти, набавна вредност со ревалоризација во сметководствен систем: 138.821.793,00.
Градежни објекти, набавна вредност со ревалоризација во материјална евиденција: 138.821.793,00.
Опрема, набавна вредност со ревалоризација во сметководствен систем: 724.048.137,00.
Опрема, набавна вредност со ревалоризација во материјална евиденција: 724.048.137,00.
Нематеријален имот, набавна вредност со ревалоризација во сметководствен систем: 113.693.838,00.
Нематеријален имот, набавна вредност со ревалоризација во материјална евиденција: 113.693.838,00.

Возила, набавна вредност со ревалоризација во сметководствен систем: 129.439.998,00.
Возила, набавна вредност со ревалоризација во материјална евиденција: 129.439.998,00.
Инвестиции во тек, набавна вредност со ревалоризација:543.027.732,00
Инвестиции во тек, набавна вредност со ревалоризација во материјална евиденција: 543.027.732,00.
Усогласувањето е составен дел на Извештајот од пописот
- По завршувањето на пописот изготвени се пописни листи за усогласување на натурални и вредностни показатели и не се утврдени разлики. Листите се составен дел од Извештајот од пописот од Комисијата за попис на попис на основни средства на залиха и во употреба и попис на ситен инвентар и алат.
- Целокупниот недвижен имот што е сопственост во АЕК е целосно попишан и утврден со документите за доказ за сопственост над истиот.
Прилогот е составен дел од Извештајот на Централната пописна комисија и е достапен на увид.
-Инвестициите во тек се попишани со утврдување на степенот на завршеност за секој одделен објект, и е направено усогласување со евидентираните времени ситуации во сметководствената евиденција.
Прилогот е составен дел од Извештајот на Централната пописна комисија и е достапен на увид.
- Пописот е вршен физички, со користење на електронски уред (бар код читач) кој што ја содржи целата листа на основни средства и истиот работи на принцип на попишување на секое основно средство поединечно со отчитување на инвентарниот број кој што е запишан во вид на бар код на соодветна инвентарна плочка. По пописот извадена е електронска евиденција на попишаните средства и истата содрши информации за вкупно попишаните натурални вредности на секое основно средство и листа на кусок или вишок на основни средства. Дополнително, физички е попишувано со водење на хартиено испечатена пописна листа на сите основни средства по пирнцип на заокружување на секое поединечно основно средство и со одредени забелешки за локацијата на основното средство и за задолжениот вработен за соодветното основно средство, и евидентриање на состојбата на средството и предлози за расход. Истата е потпишана на секоја страна поединечно од Претседателот на Комисијата за попис на основни средства на залиха и во употреба и попис на ситен инвентар и алат. На првата и на последната страна се потпишани сите членови на Комисијата за попис на основни средства на залиха и во употреба и попис на ситен инвентар и алат. Контролно е водена и рачно запишана книга на секое попишано основно средство поединечно по инвентарен број, по локација и по задолжување на вработен. Овие листи ќе се искористат за обележување на секоја просторија со содржини на основни средства. (Истото е составен дел од Извештајот на Централната пописна комисија и е достапен на увид)
- Согласно препораките, кон Записникот за состојба на парични средства, хартии од вредност и инвестиции цо тек на Агенцијата за електронски комуникации на ден 31.12.2014 година доставени се копии од последните изводи од одделните

сметки и последни касови извештаи со 31.12.2014 година. Исто така составен дел се и посебни Записници од физичкиот попис на благајната со обезбеден потпис од благајникот.

- Во Записникот за утврдена состојба на побарувања и обврски на Агенцијата за електронски коминикации на ден 31.12.2014 година доставена е целокупна документација за правниот основ преку доставување на спецификација, и соодветен документ од Централен регистар или Решение од нотар или судска одлука за докажување за неможноста за наплатливост и предлогот за отпис.

-За набавката на ентериерот на деловниот објект на АЕК, за дел од набавените средства направено е усогласување и прекнижување на соодветни конта како: дел од објектот (градежни објекти) кои се вградиви, а дел од средствата се книжени на мебел (опрема). За оној дел за кој што истите се книжени на градежни објекти - вградливи во објектот, направено е сметководствено сторнирање на пресметаната амортизација за 2013 година. Истото е направено паралелно и во материјалната евиденција. Со оглед дека дел од фактурите се стигнати во 2014 година, спроведено е исокнижување по документ – фактура со соодветна спецификација.

Истото е искнижено во налог за книжење бр 97_03 од 2014 година.

За специјалните возила – мобилни монотиронг станици по укажувањето на ревизијата, во 2014 година е пуштена дополнителна амортизација и прокнижена за оние месеци за кои не беше истото направено во 2013 година. Истото е искнижено во налог за книжење бр 93/14_04 од 2014 година.

Во прилог на Извештајот на Централната пописна комисија е достапена увид картичка на основни средства со корекција во делот за амортизација.

-Дополнително, во 2014 година е пуштена ревалоризација на основните средства набавени во месец август 2013 година, во кој месец има позитивен коефициент на ревалоризација (0,003).

Истото е искнижено во налог за книжење бр 97_04 од 2014 година.

-За оние средства кои се предлог за расход, а со пописот во 2013 година се кусок, е спроведено соодветно сметководствено книжење и истите de facto се физички отстранети од просториите на субјектот и за истите има соодветен документ, а во материјалната евиденција се уште се водат како Расход и се предмет на попис, што е составен дел од Извештајот од спроведениот попис на Комисијата за за попис на основни средства на залиха и во употреба и попис на ситен инвентар и алат.

Изработил
Раководител на Сектор за
финансии и сметководство

Владимир Велкоски

АЕК
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 03.03.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| | 13-202/5 | | |

**До**

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**Главен државен ревизор**
**М-р Тања Таневска**

**Предмет: Доставување на исправка на Решенија кои се доставени по Нацрт извештај ваш бр.13-202/2 од 29.01.2015 година.**

Врска: 0201-317/3 од 02.03.2015 година

Почитувани,

Во врска со доставениот Нацрт извештај за извршената ревизија на успешност извршена во Агенцијата за електронски комуникации во четврти квартал 2014 година, заведен под ваш број 13-202/2 од 29.01.2015 година и наш број 0201-317/1 од 02.02.2015 година, Ви доставивме изготвена документација по препораки од истиот со наш бр.0201-317/3 од 02.03.2015 година.
Во прилог на документацијата Ви доставивме и два Решенија за назначувања на лице за неправилности и координатор за ризици, кои ги корегиравме поради грешка во преамбулата, односно грешката се однесува на годината 2014 година, наместо 2015 година. Веднаш по воочување на истата е направена исправка и за истите Ви доставуваме копија.
Ве молиме при разгледување на документацијата да ги земете во предвид Решенијата кои ќе Ви ги доставиме со овој допис.

За дополнителни информации Ви стоиме на располагање.

Со почит,

www.aek.mk
Кеј Димитар Влахов број 21
1000 Скопје
Република Македонија
тел: 02 32 89 200; факс: 02 3224 611
е- пошта: contact@aec.mk

Прилог:

- ✓ Акт за назначување лице за неправилности.
- ✓ Акт за назначуване лице- координатор за ризици.

Раководител на Служба за внатрешна ревизија
Гордана Каракирова

Советник за работи од областа на телекомуникациите
Горан Колевски

Советник за работи од областа на правото
Лилјана Денковска:

Наш број 0201-317/4
Скопје, 03.03.2015

Директор

Роберт Ордоноски

www.aek.mk
Кеј Димитар Влахов број 21
1000 Скопје
Република Македонија
тел: 02 32 89 200; факс: 02 3224 611
е- пошта: contact@aec.mk